**З А П И С Н И К**
**од Педесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 13.3.2018 година**

**Скопје, март 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 13.3.2018 година**

Седницата започна во 14:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.
На седницата присуствуваа и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи, Александар Младеновски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (в.к.в.) и Зоран Китанов, директор на ЈП за државни патишта (в.к.в.).

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 54-та седница на Владата, одржана на 13.2.2018 година
-Усвојување на Записникот од 55-та седница на Владата, одржана на 20.2.2018 година
-Усвојување на Записникот од 56-та седница на Владата, одржана на 27.2.2018 година

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП за берзанско работење „Агро - берза“ Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука

2. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година

3. Барање на ЈП „Македонијапат“ Скопје за отстапување на нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје, со Предлог-одлука

4. Информација во врска со потребата од утврдување на надомест на членовите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Македонија, со Предлог-одлука

5. Информација за именување членови на Советот на Националната инфраструктура на просторни податоци, со прилози и Предлог-решение

6. Барање за преземање на итни мерки и активности за санација на сифони во ХМС „Тиквеш“

7. Барање за добивање согласност за надоместок на извршени услуги од јавни овластувања согласно Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), со дополнителни материјали и Предлог-одлука

8. Информација за тековниот статус на активностите и потребите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Македонија за периодот јули - декември 2017 година и Извештај од анализата за задоволство на пациентите за периодот јануари - јуни 2017 година

9. Информација за потребата од склучување на договорите за купопродажба на недвижен имот со Друштвото за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид како купувач, со Нацрт-договори за купопродажба на недвижен имот и Предлог-одлуки

10. Годишен извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2017 година

**б) Економски систем и тековна економска политика**

11. Предлог-закон за финансиска поддршка на инвестиции

12. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат

13. Информација во врска со Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги „Ина трејд - Лоте“ увоз - извоз Охрид ДООЕЛ на локалитетот „Краста“ с. Опејнца, Општина Охрид, со Предлог-одлука

14. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Клечовце 1“, Општина Куманово , со Предлог-одлуки

15. Информација во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Стопанска банка АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот „Вардар хидро“ ДОО Скопје, со текст на Директниот договор

16. Информација во врска со Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с. Речане, Општина Гостивар на Друштвото за трговија транспорт и туризам „С. Петрол“ ДООЕЛ експорт - импорт Гостивар

17. Информација за проценетите штети од неповолните климатски настани во 2017 година, процесирани согласно Закон за земјоделство и рурален развој

18. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини Табановце помеѓу Република Македонија и Република Србија КО Табановце, Општина Куманово, со Предлог-одлука

19. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

20. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б2-големи трговски единици (продажен салон) КО Дебреше, Општина Гостивар, со Предлог- одлука

21. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово-вон-г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука

22. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средното општинско училиште „Кочо Рацин“ - Свети Николе, со Предлог-одлука

23. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Три чешми-вон г.р. Општина Штип, со Предлог-одлука

24. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола, Општина Битола, со Предлог-одлука

25. Информација за извршената супервизија на санирањето на последиците од поплавите во с. Порој, Тетово, во 2017 година, во с. Рашче, Општина Сарај и Кочанско поле во 2016 година, во Кочанскиот регион во 2015 година и расчистување на патните правци од снежни наноси во јануари 2017 година

26. Информација за напредокот на реализација на активностите за изградба на марина во Охрид, преку јавно-приватно партнерство

27. Информација за напредокот на реализација на активностите за поставување на понтонски пристаништа на Охридско Езеро

28. Информација за потребните финансиски средства за акредитација на Централна лабораторија за животна средина на Министерството за животна средина и просторно планирање и за акредитација на Калибрационата лабораторија за квалитетот на воздухот

29. Информација за Национална стратегија за заштита на природата, со Акциски план и текст на Национална стратегија

30. Информација за реализацијата на портфолиото со ИПА проекти од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР 2007-2013 година) во Министерството за животна средина и просторно планирање

31. Информација за Националната стратегија за биолошка разновидност, со Акциски план за период 2018- 2023 година, со Национална стратегија

32. Информација од Координативното тело во врска со ангажирање на правни застапници на Република Македонија по повод поведени арбитражни постапки од страна на Блажо Тасев против Република Македонија и Гокул Дас Бинани и Маду Бинани против Република Македонија, со прилози

**в) Политички систем**

33. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија

34. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судовите

35. Предлог-уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2018 година

36. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе

37. Предлог за поведување постапка за водење преговори за потпишување Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за заемно укинување на визите за државјаните на двете земји, со Предлог-текст на Спогодбата, на македонски и англиски јазик

38. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за услови за заемно патување на државјаните, со Нацрт-текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

39. Информација во врска со активностите за анализа на моменталната состојба во областа на ИТ во сите институции од јавниот сектор во Република Македонија

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

40. Предлог-програма за персонална асистенција на лица со попреченост за 2018 година и Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

41. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година

42. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година

43. Информација за ослободување од учество (партиципација) при користење на здравствени услуги на децата до 18 години возраст, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) Економски систем и тековна економска политика

44. Предлог-одлука за еднostран раскин на Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен риболов со бр. 42-8258/1 од 29.9.2014 година на риболовниот ревир „Вардар 3“

45. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „с.Климештани” Општина Дебарца и Општина Струга

46. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Трговското друштво за производство и трговија „Инг - Лули“ ДОО с.Ливада, Струга на локалитетот „с.Делогожда“, Општина Струга

47. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Вруток, Општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг „Јефута-инженеринг-Фуат и Јетон“ експорт-импорт ДОО Гостивар

48. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Виничка Вада“, Општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги „Оранжери-Добра“ ДОО увоз - извоз Кочани

49. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги БА Цонструцтион ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Краста“, Општина Сарај

50. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, транспорт, промет и услуги „Еуро-Бетон“ ДООЕЛ извоз-увоз с.Град Делчево на локалитетот „Дуните“ с.Трaботивиште, Општина Делчево

51. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - подземна вода на Друштвото за производство и трговија на друга флаширана вода од извори „МЛ-Гари“ ДОО експорт-импорт Скопје на локалитетот „Звинчица“ с.Гари, Општина Дебар

52. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „Универзал - С“ ДОО увоз - извоз Крива Паланка на локалитетот „Крива Круша“, Општина Ранковце

53. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги „Л&Л Цомпани“ ДОО Гостивар на локалитетот „с.Речане“, Општина Гостивар

54. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - андезитски туфови на Друштвото за транспорт и трговија „ДМ-Прециз“ ДОО Штип на локалитетот „Лозенско Брдо“, Општина Карбинци

**б) Политички систем**

55. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан

56. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

57. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за труд и социјална политика

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за труд и социјална политика

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавна установа Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавна установа Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

64. Барањето за давање на автентично толкување на член 2 став (1) од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2014), поднесено од пратеникот Томислав Тунтев

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

65. Иницијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.3/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборовите „треба“ и „и сите списи на предметот од првостепениот орган на второстепениот орган“ од член 112 став 1 и број 4 од член 113 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015) и

    Иницијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.3/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборовите „го извести“ од член 23 став 1 точка 1 и член 42 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015 и 53/2016)

66. Понуда од нотар Мајљинда Ајдари од Скопје за купување на идеален дел од недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.9650 за КО Сарај

67. Понуда од нотар Мексуд Максуд за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2258 за КО Ресен на КП бр.3566/1

68. Понуда од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.100567 за КО Боговиње на КП 2194 викано место/улица Село

69. Понуда од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.100485 за КО Тетово 2 на КП 7292 викано место/улица Град

70. Понуда од нотар Прпарим Реџепи за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2669 за КО Гостивар 1 на КП бр.2316 место викано Гостивар

71. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.870 за КО Драчево 2 на КП бр.10780 место викано Драчево

72. Понуда од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.49173 за КО Центар 1 на КП бр.1100 место викано Џ.Кенеди

73. Известување од извршител Моника Муча од Скопје за Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз дел од недвижноста 5/36 запишана во Имотен лист бр.10331 за КО Илинден, И.бр. 985/2018

74. Известување од извршител Моника Муча од Скопје за налог за извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр.8145 за КО Ресен, И.бр.222/2018

**д) Други предлози**

75. Кадровски прашања

76. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

77. Тримесечен финансиски извештај за периодот октомври - декември 2017 година на АД „ТЕЦ Неготино", во државна сопственост, Неготино

78. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонски шуми", за периодот 7.2017-9.2017 година

79. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонски шуми" - Скопје за период јануари - март 2017 година, со Информација за постапувањето на извршителот Славе Дончев од Кочани по извршните предмети И бр. 158/17 и И бр. 159/17 и Извештај од извршител

80. Финансиски извештај за работењето на АД „МЕПСО" Скопје во втор квартал (април - јуни 2017 година)

81. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за период 1.4.-30.6.2017 година

82. Тримесечен финансиски извештај на АД „Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, за периодот 1.7. - 30.9.2017 година, со табеларен преглед

83. Информација за пренамена на средства од Проектот за национални патишта, II фаза/изградба на патните правци Охрид - Пештани и Требениште - Струга

84. Годишен извештај за работа на Цивилно-воениот комитет за воздухопловство за 2017 година

85. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2017 година

86. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Преземање на обврски и финансиска нестабилност кај единиците на локалната самоуправа", за периодот од 2012 до 2016 година

87. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија Скопје, сметка за средства од Фондот

88. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2017, со Збирен финансиски извештај за работењето на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија за 2017 година

89. Информација со компаративен преглед на Методологијата на контролата на пијалоците во Република Македонија споредбено со Европската Унија

90. Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2017 година, со прилози

91. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот „Рехабилитација, надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот 10 и кракот 10д"

92. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Модернизација и реконструкција на влезовите во Битола и изградба на експресен пат од Битола до граничен премин Меџитлија"

93. Информација во врска со главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2017 година за аеродромите во Скопје и Охрид

94. Информација за изградба на водовод во Општина Сопиште - Регионален водовод Патишка Река

95. Информација за 7-та седница на Мешовитата македонско - баварска меѓувладина комисија, одржана на 28-29 ноември 2017 година, Скопје

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

96. Предлог-закон за високото образование

97. Информација за вработувањата во основните и средните училишта

98. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Казахстан

99. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Руската Федерација

100. Предлог-одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој во Република Македонија за државјаните на Украина

101. Информација за текот на постапката за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Арсовски против Република

Македонија (Апликација бр. 30206/06) во делот на надомест на материјалната штета на апликантите

102. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно суспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година

103. Информација во врска со одговорот на Министерството за транспорт и врски до Европската комисија за шемата на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници кои го користат аеродромот во Скопје

104. Информација за потреба од групна набавка за организација на Дигитален самит на Западен Балкан 2018 во Скопје

105. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Штип - Кочани, дел 1 од км 0+000 - км 14+300 на минерална суровина - базалт на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Ежево брдо", Општина Карбинци

106. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за изградба на Експресен пат А3, делница Штип-Кочани, дел 1 од 0+000-км 14+300 на минерална суровина - песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Крупиште", Општина Карбинци

107. Информација за степен на изграденост на рударскиот комплекс Казандол за производство на катоден бакар

*

*      *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 54-та седница на Владата, одржана на 13.2.2018 година, 55-та седница на Владата, одржана на 20.2.2018 година и 56-та седница на Владата, одржана на 27.2.2018 година

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП за берзанско работење „Агро - берза" Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на

вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза Скопје за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата по Барањето за отстапување на нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје.

**Точка 4**

Владата по новиот текст на Информацијата во врска со потребата од утврдување на надомест на членовите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Македонија, со Предлог-одлука, заклучи да не ја донесе Одлуката за определување на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Македонија, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за финансии.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за именување членови на Советот на Националната инфраструктура на просторни податоци, со прилози и Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за именување членови на Советот на Националната инфраструктура на просторни податоци, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по Барањето за преземање на итни мерки и активности за санација на сифони во ХМС „Тиквеш“ заклучи:

- Министерството за финансии да го има предвид Барањето на ХМС „Тиквеш“ при следното буџетирање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да детерминира 60.000.000 денари за санација на сифони во ХМС „Тиквеш“.

**Точка 7**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за добивање согласност за надоместок на извршени услуги од јавни овластувања согласно Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), со дополнителни

материјали и Предлог-одлука, поради потребата предлагачот на материјалот да изврши дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за тековниот статус на активностите и потребите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Македонија за периодот јули - декември 2017 година и Извештај од анализата за задоволство на пациентите за периодот јануари - јуни 2017 година, ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи во рок од шест месеци да ја извести Владата за тековниот статус на болниците во процесот за акредитација.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на договорите за купопродажба на недвижен имот со Друштвото за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид како купувач, со нацрт-договори за купопродажба на недвижен имот и Предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за определување на непосреден купувач и вредност на објекти (ОДУ бр.545/16), во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за определување на непосреден купувач и вредност на објекти (ОДУ бр.565/15), во предложениот текст.

3. Се укажува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони веднаш да ги достави договорите за купопродажба на недвижен имот до Државното правобранителство на Република Македонија, согласно член 22-з став (4) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, кое во рок од седум дена од денот на добивањето на истите да достави мислење до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Истовремено, Владата укажува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како услов за донесување на одлуките до Владата да достави прецизна информација за бизнис планот на компанијата, движење на бројот на вработени, инвестирани финансиски средства досега, како и оние кои треба да се доинвестираат, првичната верзија на договорот и анексите што следеле и слично.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2017 година, со дополнувањето.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлог-законот за финансиска поддршка на инвестиции (најнов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во членот 34 став 2 да се додаде и алинеја: „-министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија“.

2. Да се коригираат износите на средства во Образецот за процена на фискалните импликации, согласно Мислењето на Министерството за финансии, според кое вкупниот износ на средства за финансиска поддршка е планиран во висина од 1.118.110.000 денари.

3. Се задолжува Министерството за економија, до Владата да го достави пополнетиот Извештај за проценка на влијанието на регулативата.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот за финансиска поддршка на инвестиции, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

## Точка 12

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија, Стојко Пауновски, директор на Државниот пазарен инспекторат и Нериман Џеладини, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 13

Владата по Информацијата во врска со Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги „Ина трејд - Лоте“ увоз - извоз Охрид ДООЕЛ на локалитетот „Краста“ с.Опејнца, Општина Охрид, со Предлог-одлука, заклучи да не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги „Ина трејд - Лоте“ увоз - извоз Охрид ДООЕЛ на локалитетот „Краста“ с.Опејнца, Општина Охрид, имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Охрид.

## Точка 14

Владата во врска со Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Клечовце 1“, Општина Куманово (нов текст), со Предлог-одлуки ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Стопанска банка АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот „Вардар хидро“ ДОО Скопје, со текст на Директниот договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои текстот на Директниот договор помеѓу Владата на Република Македонија и Стопанска банка АД Скопје во врска со финансирањето обезбедено од Стопанска банка АД Скопје според договорот за финансирање кој што Стопанска банка АД Скопје го има склучено со „Вардар хидро“ ДОО Скопје.

2. Го овласти министерот за економија во име на Владата на Република Македонија да го потпише Директниот договор од точка 1 од овие заклучоци, помеѓу Владата на Република Македонија и Стопанска банка АД Скопје во врска со финансирањето на малите хидроелектрични централи на концесионерот „Вардар хидро“ ДОО Скопје.

**Точка 16**

Владата, на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Речане, Општина Гостивар на Друштвото за трговија транспорт и туризам „С. Петрол“ ДООЕЛ експорт - импорт Гостивар, за наредната седница на Владата.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за проценетите штети од неповолните климатски настани во 2017 година, процесирани согласно Закон за земјоделство и рурален развој (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги вклучи и проценетите штети од ран пролетен мраз кој се случил во Валандово во период 20-22 април 2017 година во законската процедура за пресметка на загуба на приход согласно дополнување на мислење од Управата за хидрометеоролошки работи.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изработи и до првата наредна седница на Владата да достави Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изработи и до првата наредна седница на Владата да достави Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани во насока на измена на процентот на помошта утврден со мерката 8-а за загуби од неповолни климатски настани за земјоделските стопанства кои не се евидентирани во единствениот регистар на земјоделски стопанства, согласно определениот процент во Програмата.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да организира состанок со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот

развој и Министерството за финансии заради донесување на заеднички предлог за првата наредна седница по однос на обезбедување на дополнителни средства за исплата на штети од природни непогоди кои се случиле во 2017 година.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 45 дена до Владата да достави Информација со компаративен преглед за надоместување на штети од неповолни климатски настани во однос на инструментите кои ги користат соседните земји од регионот, како и земјите од Европската Унија за справување со вакви штети.

Исто така се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја разгледа можноста да се предвиди осигурувањето на земјоделскиот имот да биде услов земјоделците да ги користат субвенциите.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини Табановце помеѓу Република Македонија и Република Србија КО Табановце, Општина Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини Табановце помеѓу Република Македонија и Република Србија КО Табановце, Општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Ракотинци Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б2-големи трговски единици (продажен салон) КО Дебреше, Општина Гостивар, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б2-големи трговски единици (продажен салон) КО Дебреше, Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово-вон-г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово-вон-г.р., Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средното општинско училиште „Кочо Рацин“ - Свети Николе, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средното општинско училиште „Кочо Рацин“ - Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Три чешми-вон г.р. Општина Штип, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Три чешми-вон г.р. Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола, Општина Битола, со Предлог-одлука.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за извршената супервизија на санирањето на последиците од поплавите во с.Пороj, Тетово, во 2017 година, во с.Рашче, Општина Сарај и Кочанско поле во 2016 година, во Кочанскиот регион во 2015 година и расчистување на патните правци од снежни наноси во јануари 2017 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да ги спроведе препораките на супервизијата.

2. Се задолжува Министерството за финансии конечниот Извештај од извршената супервизија да го достави до Основното јавно обвинителство - Скопје.

3. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување во рок од 30 дена до Владата да достави информација со преглед на своите активности и договори со фирми, со датуми на склучување и потрошени средства и во Извештајот да достави методологија на начинот на кој се избираат фирмите.

Истовремено, се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да предложи методологија за транспарентно трошење на средствата согласно препораките од извршената супервизија.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на реализација на активностите за изградба на марина во Охрид, преку јавно-приватно партнерство и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја информира Владата во случај на нови моменти во врска со ова прашање.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на реализација на активностите за поставување на понтонски пристаништа на Охридско Езеро, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски, да го исклучи овој проект од програмата за работа на министерството и со тоа да престане да доставува информација за негов напредок до Владата.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за потребните финансиски средства за акредитација на Централна лабораторија за животна средина на Министерството за животна средина и просторно планирање и за акредитација на Калибрационата лабораторија за квалитетот на воздухот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да пристапи кон изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање, како би ги обезбедило неопходно потребните работни места за отпочнување на процесот на акредитација на лабораториите меѓу кои и менаџер за квалитет за потребите на Централна лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитетот на воздухот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги обезбеди потребните финансиски средства во износ од 5.466.550,00 денари во Буџетите за 2018 и 2019 година, со цел да се исполнат сите предуслови акредитација на Централната лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитетот на воздухот на Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства односно да даде согласност за вработување на девет лица, меѓу кои и менаџер за квалитет за потребите на Централната лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитетот на воздухот.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање два пати годишно да ја информира Владата за текот на активностите при реализација на процесот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитет на воздух.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање дополнителните финансиски средства да ги обезбеди во рамки на одобрените максимални износи на расходи без да се бараат дополнителни финансиски средства.

Исто така, доколку е возможно дополнителните финансиски средства да се обезбедат преку Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА), сектор „Одржлив развој и животна средина“, а со цел да се исполнат сите предуслови за акредитација на Централната лабораторија за животна средина и на Калибрационата лабораторија за квалитетот на воздухот.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Национална стратегија за заштита на природата, со Акциски план и текст на Национална стратегија, го усвои и ја донесе Националната стратегија за заштита на природата (2017- 2027), во предложениот текст.

## Точка 30

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за реализацијата на портфолиото со ИПА проекти од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР 2007-2013 година) во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Националната стратегија за биолошка разновидност, со Акциски план за период 2018- 2023 година, со Национална стратегија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Националната стратегија за биолошка разновидност, со Акциски план за период 2018- 2023 година, како оперативен стратешки документ.

2. Ја усвои Националната стратегија за биолошка разновидност, со Акциски план за период 2018-2023 година, како оперативен стратешки документ.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата од Координативното тело во врска со ангажирање на правни застапници на Република Македонија по повод поведени арбитражни постапки од

страна на Блажо Тасев против Република Македонија и Гокул Дас Бинани и Маду Бинани против Република Македонија, со прилозите и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата се согласува со содржината на предложеното писмо за ангажирање и полномошно за застапување, доставени од страна на адвокатската куќа Mc. Dermott Will&Emery - филијала Франкфурт и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

2. Владата се согласува со содржината на предложеното писмо за ангажирање и полномошно за застапување, доставени од страна на адвокатската куќа ORRICK - филијала Дизелдорф и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во рок од три дена од усвојувањето на оваа информација да ги потпише предложените документи и тоа писмата за ангажирање и полномошната за застапување, кои се доставени во прилог на Информацијата.

**Точка 33**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија (најнов текст-13.3.2018 година) и го утврди со следните заклучоци:

1. Членот 10 од Предлог-законот, со кој се менува членот 33 да се измени во насока да остане постојното решение од Законот со измена само на последниот став, кој да гласи:
„За работата на седницата на Советот се води записник и се снима тонски запис. Усвоениот записник се објавува на веб страната на Советот."

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за правда веднаш преку Министерството за надворешни работи да го достави текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Венецијанската комисија.

**Точка 34**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за

повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за правда, преку Министерството за надворешни работи веднаш до Венецијанската комисија да го достави на мислење текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судовите.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

2. Се определува државниот секретар на Министерството за внатрешни работи, м-р Магдалена Несторовска, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за потпишување Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за заемно укинување на визите за државјаните на двете земји, со Предлог-текст на Спогодбата, на македонски и англиски јазик и го усвои Предлогот со следните заклучоци:

1. Го прифати Предлог-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за заемно укинување на визите за државјаните на двете земји, како основа за водење на преговори со Народна Република Кина.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 10 дена по дипломатски пат да го достави до кинеската страна Предлог-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за заемно укинување на визите за државјаните на двете земји.

3. Се задолжува Шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за заемно укинување на визите за државјаните на двете земји.

4. Се овластува Шефот на Делегацијата на Република Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за заемно укинување на визите за државјаните на двете земји, согласно утврдените насоки, доколку усогласувањето се врши по пат на преговори и се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена до Владата да достави предлог за поведување на постапка за водење преговори за склучување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за реадмисија со Нацрт - текст на Спогодбата.

## Точка 38

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за услови за заемно патување на државјаните, со нов Нацрт-текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за услови за заемни патувања на државјаните.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 10 дена да го достави Нацрт-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за заемно укинување на визи за носители на биометриски патни исправи до украинската страна.

3. Се задолжува Шефот и членовите на Делегацијата на Република Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за услови за заемно патување на државјаните.

4. Се овластува Шефот на делегацијата на Република Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за услови за заемно патување на државјаните, доколку усогласувањето се врши по пат на преговори и се постигне согласност на преговорите, согласно утврдените насоки.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори, со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите за анализа на моменталната состојба во областа на ИТ во сите институции од јавниот сектор во Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства, органи во состав на министерствата и други органи на државната управа од Листа 1 во прилог, а се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа од Листа 2 во прилог и им се препорачува на институциите од Листа 3 во прилог, да го потполнат Прашалникот- Анализа на моменталната состојба и истиот да го достават до Националниот совет за ИКТ во рок од десет дена.

2. Се задолжуваат сите министерства, органи во состав на министерствата и други органи на државната управа од Листа 1 во прилог, а се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа од Листа 2 во прилог и им се препорачува на институциите од Листа 3 во прилог, плановите за ИКТ за тековната година и информација за секоја ИТ набавка која е во тек, вклучувајќи и донации, странски фондови и слично да ги достават до Националниот совет за ИКТ во рок од десет дена.

## Точка 40

Владата ги донесе:

- Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година и

-Програмата за персонална асистенција на лица со попреченост за 2018 година (најнов текст), во предложените текстови.

## Точка 41

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот.

## Точка 42

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година, за наредната седница на Владата, на барање на предлагачот.

## Точка 43

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за ослободување од учество (партиципација) при користење на здравствени услуги на децата до 18 години возраст, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош, за наредната седница на Владата.

## Точка 44

Владата ја донесе Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен риболов со бр. 42-8258/1 од 29.9.2014 година на риболовниот ревир „Вардар 3“, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „с.Климештани” Општина Дебарца и Општина Струга, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Трговското друштво за производство и трговија ИНГ - ЛУЛИ ДОО с.Ливада, Струга на локалитетот „с.Делогожда“, Општина Струга, за наредната седница на Владата.

## Точка 47

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Вруток, Општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг Јефута-инженеринг-Фуат и Јетон експорт-импорт ДОО Гостивар.

## Точка 48

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Виничка Вада“, Општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги „Оранжери-Добра“ ДОО увоз - извоз Кочани, поради потребата од дополнителни консултации.

## Точка 49

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги БА Цонструцтион ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Краста“, општина Сарај.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, транспорт, промет и услуги Еуро-бетон ДООЕЛ извоз-увоз с.Град Делчево на локалитетот „Дуните“ с.Трaботивиште, Општина Делчево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи при потпишување на Договорот, Министерството за економија да ги вгради укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за транспорт и врски во кое е инкорпорирано мислењето од Јавното претпријатие за државни патишта.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - подземна вода на Друштвото за производство и трговија на друга флаширана вода од извори „МЛ-Гари“ ДОО експорт-импорт Скопје на локалитетот „Звинчица“ с.Гари, Општина Дебар, во предложениот текст, со укажување при потпишување на договорот Министерството за економија да ги вгради укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски, во кое е инкорпорирано Мислењето од Јавното претпријатие за државни патишта.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „Универзал - С“ ДОО увоз - извоз Крива Паланка на локалитетот „Крива Круша“, Општина Ранковце, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи при потпишување на договорот Министерството за економија да ги вгради укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за транспорт и врски во кое е инкорпорирано мислењето од ЈП за државни патишта.

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Л&Л ЦОМПАНИ ДОО Гостивар на локалитетот „с.Речане“, Општина Гостивар, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи при потпишување на договорот Министерството за економија да ги вгради укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски во кое е инкорпорирано Мислењето од ЈП за државни патишта.

**<u>Точка 54</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - андезитски туфови на Друштвото за транспорт и трговија ДМ-Прециз ДОО Штип на локалитетот „Лозенско Брдо“, Општина Карбинци и заклучи да не ја донесе истата, имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Карбинци.

**<u>Точка 55</u>**

Владата ја донесе Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан, поради потребата од дополнителни усогласувања во врска со ова прашање.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Доне Божинов" - Пробиштип (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за труд и социјална политика, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за труд и социјална политика (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавна установа Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавна установа Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 2 став (1) од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај („Службен весник на Република

Македонија“ бр. 12/2014), поднесено од пратеникот Томислав Тунтев и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 68 став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите. Според член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2008, 119/2010 и 23/2013), барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на Градот Скопје и советите на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење. Согласно член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Прашањето :„Дали лицето определено со планот за реорганизација, за стечајна постапка отворена после донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013) има право да поднесе предлог за да се поведе постапка за утврдување на правен статус на бесправен објект?“, поставено од страна на пратеникот Томислев Тунтев (а во релација на законските можности дадени во член 2 од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2014), е решено (одговорено) со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2014), каде во членовите 2 и 3 е наведено дека одредбите од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај, кои се однесуваат на спроведување постапка за утврдување на правен статус на имотот на стечајниот должник за кој не е утврден правен статус пред отворање на стечајната постапка и негов упис во соодветните јавни книги во Агенцијата за катастар на недвижности, како и при продажба на правото на градба на неизграден објект кој влегува во стечајна маса соодветно се применуваат на стечајни постапки отворени по влегување на сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија “ бр. 79/2013).

Врз основа на наведеното, Владата на Република Македонија смета дека автентично толкување на горенаведената одредба не е потребно, бидејќи прашањето е веќе регулирано со Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2014).

**<u>Точка 65</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.3/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборовите „треба“ и „и сите списи на предметот од првостепениот орган на второстепениот орган“ од член 112 став 1 и број 4 од член 113 став 4 од Законот за општата

управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 112 став (1) зборовите "треба" и "и сите списи на предметот од првостепениот орган на второстепениот орган" од Законот за општата управна постапка, со оглед дека истиот не бил во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, односно оспорената законска одредба не била усогласена со член 22 став 1 од Законот за управните спорови.

Подносителот на Иницијативата истакнал дека оспорената одредба е спротивна на наведените уставни одредби. Согласно член 104 од Законот за општата управна постапка, странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или пропуштање на управно дејствие, ако тврди дека со тоа дејствие или пропуштање се повредени нејзините права или правни интереси (став 1). Правни лекови се: жалбата, повторувањето на постапката и приговорот (став 2). Исцрпувањето на жалбата, односно приговорот е предуслов за поведување спор пред надлежниот суд, ако со закон е загарантирана жалбата, односно приговорот (став 3). Кога жалбата, односно приговорот не се загарантирани со закон, странката има право да поведе управен спор (став 4).

Согласно член 111 од истиот закон, кога второстепениот орган ќе утврди дека првостепениот орган не го донел управниот акт во законскиот рок, тој треба да му наложи на првостепениот орган да донесе управен акт и да одреди рок за тоа од најмногу 30 дена по приемот на налогот (став 1). Кога второстепениот орган ќе утврди дека причините поради коишто првостепениот управен акт не бил донесен не се оправдани, тој самиот решава за барањето на странката во рок од 30 дена по приемот на жалбата, или ќе му наложи на првостепениот орган да го донесе бараниот управен акт во рок од 15 дена по приемот на налогот (став 2). Во случај на повторно молчење на првостепениот орган, второстепениот орган е должен самиот да ја реши работата (став 3).

Согласно член 112 од истиот закон, постапката по жалбата на второстепениот орган треба да се заврши без одлагање, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на предавање на жалбата и сите списи на предметот од првостепениот орган на второстепениот орган (став 1). Кога второстепениот орган нема да го реши предметот во рамки на рокот од ставот (1) на овој член, странката има право да поведе управен спор.

Согласно член 22 од Законот за управните спорови, ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повторното барање, странката може да поведе управен спор како да е одбиена жалбата (став 1). На начинот пропишан во ставот (1) на овој член може да постапи странката и кога по нејзиното барање не донел решение првостепениот орган против чиј акт нема место за жалба (став 2). Ако првостепениот орган против чиј акт има место за жалба во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по барањето, странката има право со своето барање да се обрати до второстепениот орган. Против решението на второстепениот орган, странката може да поведе управен спор, а под условите од став 1 на овој член и ако овој орган не донел решение (став 3).

Согласно Законот за општата управна постапка, управните правни лекови не се само инструмент во рацете на граѓаните со кои тие ги бранат своите права во однос на некој

управен орган. Тие исто така се алатка за самоконтрола на управните органи бидејќи на надзорните управни органи им даваат можност да ги утврдат системските грешки и со тоа општо да ја подобрат управната пракса во однос на слични предмети. Значи, главните цели на правните лекови во Законот се да се воведе ефективен, лесен и економичен начин за да се заштитат законските права на странките пред поднесување жалба пред управните судови, да се обезбеди можноста и должноста за ефикасна самоконтрола на управните органи, да се намали оптовареноста на управните судови преку решавање на предметите во рамки на внатрешните постапки за правни лекови. Процедуралните решенија не треба посебно да се оспоруваат. Според Законот, по правило процедуралните решенија можат да се оспорат само преку жалба против материјалното управно решение, т.е. конечното решение (управен акт). Сите управни органи своите задачи треба да ги вршат според владеењето на правото, независно од тоа кој вид на дејство е преземено.

Според тоа, со Законот се овозможува правото на правен лек не само против управни акти или не донесување управни акти, туку исто така против сите други управни дејства и се обезбедува сложен систем на внатрешна контрола во рамки на управните органи, што е од исклучително значење бидејќи управните активности не се ограничени само на управни акти.

Согласно наведеното произлегува дека законодавецот во Законот за општата управна постапка, во делот кој се однесува на правните лекови ги предвидел сите можни дејствија на заштита на странката во управната постапка, при што го имал во превид и институтот „молчењето на администрацијата", како на првостепениот орган, така и на второстепениот орган што одлучува во постапка по жалба, односно и оставил можност на странката кога второстепениот орган нема да го реши предметот во рамки на законски утврдениот рок странката да има право да си поведе управен спор, што во ни еден случај не е спротивно со член 22 од Законот за управните спорови со оглед дека во став (1) од наведениот член е утврдено дека ако второстепениот орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повторното барање, странката може да поведе управен спор како да е одбиена жалбата.

Имајќи го предвид горенаведеното, сметаме дека со оспорениот член 112 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), не се повредени одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 112 став 1 од Законот за општата управна постапка.

Што се однесува до Иницијативата за уставност на член 113 став (4) "бројот 4" од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), со членот 113 од Законот за општата управна постапка е уреден начинот на доставување на решението по жалба. Имено согласно со овој член второстепениот орган по одлучување по жалба должен е да го достави решението со списите од предметот во електронска форма до првостепениот орган, кој пак е должен второстепеното решение да го достави до странката, во рок од осум дена. Единствено доколку странката побарала управниот акт на второстепениот орган да биде доставен електронски, тогаш истиот директно го доставува второстепениот орган до странката. При тоа во ваков случај во целост важат одредбите од членот 85 од Законот за општата управна постапка во однос на доставувањето во

електронска форма. Кога странката побарала управниот акт да и се достави во писмена форма, тогаш со оглед на фактот што актот од страна на првостепениот орган е должен да го завери актот дека е верен на оригиналот. Во однос на заверката, соодветно треба да се применуваат одредбите од член 61 од Законот за општата управна постапка кој го уредува начинот на кој се врши заверка на копии.

Со ставот (4) од членот 113 од Законот за општата управна постапка се кажува дека управните акти заверени на начин утврден во ставот (4) на овој член се конечни и извршни. Во конкретниот случај погрешно е повикувањето, односно се мисли на став (3) од член 113 од Законот за општата управна постапка, меѓутоа оваа законска одредба не може да влијае на правната сигурност затоа што конечноста и извршноста на управните акти донесени од второстепениот орган произлегува од член 15 од Законот за општата управна постапка, кој кажува дека актот против кој може да се води управен спор е конечен, а во конкретниот случај затоа што се работи за управен акт донесен од второстепен орган, против кој може да се поврзе управен спор истиот секако е конечен, додека пак став (3) од член 15 од Законот пропишува дека конечниот управен акт е извршен, освен ако со Законот поинаку не е определено.

Врз основа на наведеното, Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 113 став (4) од Законот за општата управна постапка, поднесена од Дарко Јаневски од Скопје е неоснована. Поради ова Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

Имајќи го предвид горенаведеното, со оспорениот член 113 став (4) "бројот 4" од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), не се повредени одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 113 став (4) „бројот 4" од Законот за општата управна постапка.

*

*   *

Владата ја разгледа Иницијативата од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.3/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на зборовите „го извести“ од член 23 став 1 точка 1 и член 42 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/16) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 23 став (1). При вршењето на инспекцискиот надзор, во согласност со закон, инспекторот има обврска:

1) да постапува по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата.

Подносителот на иницијативата за поведување на постапка за инспекциски надзор, не е странка во постапката, за да инспекторот со управен акт треба да го известува за превземените мерки произлезени од инспекцискиот надзор. Обврска на инспекторот е

согласно Законот да постапи по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата.
Странка во постапката е институцијата каде се врши инспекцискиот надзор.

Оспорениот член 42 став (1) предвидува:
„(1) Ако инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека е повреден закон или друг пропис, со записник ги констатира утврдените неправилности и со решение го определува рокот во кој треба да се отстрани недостатокот.“

Согласно начелото на законитост (член 3) од Законот за инспекциски надзор, во вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да постапува согласно со Уставот, законите ратификуваните меѓународни договори и други прописи донесени врз основа на закон.

Начелото за заштита на јавниот интерес (член 4) од погоре споменатиот Закон овозможува инспекторот да го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и за заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес. Постапката на инспекциски надзор започнува и се води по службена должност. Секој може да поднесе иницијатива за поведување на постапка за инспекциски надзор.

Начело на јавност (член 9) од Законот за инспекциски надзор предвидува дека инспекцискиот надзор е јавен. Инспекциските служби во рамките на своите овластувања, утврдени со закон, редовно ја информираат јавноста за својата работа и дека инспекциските служби се должни да ја информираат јавноста за утврдените состојби и неправилностите кај субјектите на надзорот при вршење на инспекцискиот надзор, како и за преземените инспекциски мерки доколку тоа е потребно заради заштита на животот и здравјето на луѓето или имотот или заради потешки нарушувања на јавниот интерес.

Согласно член 42 став (1) ако инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека е повреден закон или друг пропис, со записник ги констатира утврдените неправилности и со решение го определува рокот во кој треба да се отстрани недостатокот.

(2) Ако со закон е предвидено дека за утврдената неправилност може да се определи инспекциска мерка, инспекторот е должен со решението да ја определи таа мерка.

(3) Инспекторот решението од ставовите (1) и (2) на овој член, врз основа на фактите утврдени со надзорот, ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот, ако со закон не е определен пократок рок.

(4) По исклучок од став (1) на овој член, инспекторот може да изрече инспекциски мерки со усно решение на записник, кога ќе оцени дека тоа е неопходно за отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, имотот од поголема вредност или кога е во прашање заштита на друг вид на јавен интерес.

(5) Во случајот од ставот (4) на овој член инспекторот е должен во рок од три дена од денот на изрекување на усното решение да донесе писмено решение.

Согласно член 43 став (1) против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението ако со закон не е предвиден пократок рок.

(2) По жалба против одлуките на инспекторот во инспекторат одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) По жалба против одлуките на инспекторот во организациона единица организирана како инспекциска служба во органите на државната управа и единиците на локална самоуправа и градот Скопје одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4) Комисиите од став (2) и (3) на овој член одлуката по жалба ќе ја донесат во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

Инспекциските служби ги објавуваат инспекциските акти на нивната веб локација во рок од три дена од денот на донесувањето на актите од членот 40 на овој закон, согласно со прописите за заштита на личните податоци.

Согласно член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно член 51 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 2 став 2 од Законот за општата управна постапка, со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон.

Од анализа на наведените уставни и законски одредби, произлегува дека член 23 став (1) точка 1 зборовите „го извести"и член 42 став (1) од Законот за инспекциски надзор е во согласност со Уставот и законите од причина што се работи за конкретизирање на обврска на инспекторот во материјалниот закон, кој е посебен закон, согласно потребата и ефикасноста на самата постапка, а уставните и законските одредби тоа и го дозволуваат.

Во овој случај, законодавецот се стремел за поефикасна и транспарентна постапка и заштеда на време на сите вклучени страни во постапката задоволувајќи ги потребите и барањата, како и можноста за добар исход на постапката.

Согласно горенаведеното, со оспорените одредби не се повредува начелото на владеење на правото и е во функција на доследно спроведување на Уставот, со што во конкретниот случај не станува збор за злоупотреба на правата на сите лица вклучени во процесот врзан за инспекцискиот надзор и постапувањето на инспекторот.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорените член 23 став (1) зборовите „го извести" и член 42 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015,

193/2015, 53/2016 и 11/2018) се во согласност со член 8 став (1) алинеја 3 член 8 став (2), член 9 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 23 став (1) зборовите „го извести" и член 42 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016 и 11/2018).

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мајљинда Ајдари од Скопје за купување на идеален дел од недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.9650 за КО Сарај и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Мексуд Максуд за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2258 за КО Ресен на КП бр.3566/1 за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

Понудата претходно да се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.100567 за КО Боговиње на КП 2194 викано место/улица Село и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.100485 за КО Тетово 2 на КП 7292 викано место/улица Град и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Прпарим Реџепи за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2669 за КО Гостивар 1 на КП бр.2316 место викано Гостивар и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.870 за КО Драчево 2 на КП бр.10780 место викано Драчево и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.49173 за КО Центар 1 на КП бр.1100 место викано Џ.Кенеди и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата по Известувањето од извршител Моника Муча од Скопје за Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз дел од недвижноста 5/36 запишана во Имотен лист бр.10331 за КО Илинден, И.бр. 985/2018, го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 74**

Владата по Известувањето од извршител Моника Муча од Скопје за налог за извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр.8145 за КО Ресен, И.бр.222/2018 го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

1. Владата на Насер Ајдари, му утврди престанок на функцијата Државен правобранител на Република Македонија, поради неговиот избор за судија на Уставниот суд на Република Македонија со Одлука на Собранието на Република Македонија бр. 08-1743/1 од 5 март 2018 година.

2. Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување државен правобранител на Република Македонија.

3. Владата ја разреши Елена Спасеновска од должноста член на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ - Битола, на нејзино барање.

4. Владата ја разреши Светлана Лечоска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид, на нејзино барање.

5. Владата ја именува Марица Ѓурческа за претседател на Комисијата за жалби.

6. Владата го именува Берат Бајрами за член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности.

7. Владата на Роберт Василковски, разрешен од должноста в.д. директор на Бирото за метрологија, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 6 месеци, за периодот од 27.2.2018 година до 27.8.2018 година.

8. Владата на Ризван Беља, разрешен од должноста в.д. директор на Бирото за развој на образованието, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 6 месеци, за периодот од 20.2.2018 година до 20.8.2018 година.

9. Владата го именува Славе Арсовски, досегашен в.д.директор на Управата за водостопанство орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство, за директор на Управата за водостопанство орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го именува Хилми Гаши досегашен в.д.директор на Управата за семе и саден материјал орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за директор на Управата за семе и саден материјал орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го именува Ментор Зеќири досегашен в.д.директор на Фитосанитарната управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за директор на Фитосанитарната управа орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата го именува Милутин Станиќ досегашен в.д.директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците орган во состав на Министерството за образование и наука, за директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го именува Вангел Димков досегашен в.д.директор на Управата за прашања на борците и воените инвалиди орган во состав на Министерството за труд и социјална политика, за директор на Управата за прашања на борците и воените инвалиди орган во состав на Министерството за труд и социјална политика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата го именува Менфи Илјази досегашен в.д.директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија орган во состав на Министерството за култура, за директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија орган во состав на Министерството за култура и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го именува Иљами Исејни досегашен в.д.директор на Службата за просторен и информативен систем орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, за директор на Службата за просторен и информативен систем орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата го именува Никола Шалваринов досегашен в.д.директор на Агенцијата за иселеништво, за директор на Агенцијата за иселеништво и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

17. Владата ја именува Билјана Јовановска, досегашен в.д. директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, за директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

18. Владата го именува Ивица Тодоровски досегашен в.д. директор на Управата за хидрометеоролошки работи орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за директор на Управата за хидрометеоролошки работи орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

19. Владата го именува Газменд Ристеми, досегашен в.д. заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт, за заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

## Точка 76

**1.** Владата заклучи Заклучокот од Педесет и шестата седница на Владата, одржана на 27.2.2018 година под број 4 од точка 57 (Информација со предлог за утврдување области за стипендирање студенти запишани на некој од најдобрите рангирани универзитети од Шангајскиот Џио Тонг Универзитет, со Табеларни прегледи), кој гласи:

„Се задолжува Министерството за образование и наука, максималниот износ на уписнината да го ограничи на 40.000 евра годишно, а секој износ над оваа сума да се плаќа од страна на студентот“ да се измени и да гласи:

„Се задолжува Министерството за образование и наука, максималниот износ на уписнината да го ограничи на 40.000 долари годишно, а секој износ над оваа сума да се плаќа од страна на студентот“.

**2.** По повод укажувањата на Лила Пејчиноска-Миладиноска, секретар на Секретаријатот за законодавство, а во врска со различниот пристап и толкување од страна на органите на државната управа, како и од страна на самите административни службеници на Законот за државните службеници при склучувањето на спогодбите за исплата на степен на кариера и додатокот на плата за кариера, Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација, во текот на утрешниот ден до Секретаријатот за законодавство да достави појаснувања и одговори по овие прашања, а потоа Секретаријатот за законодавство, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии до крајот на неделата заеднички да воедначат допис за единствено толкување на горенаведените прашања и циркуларно да го доставaт до сите институции.

**3.** Владата го разгледа и се информираше со Прегледот со донесени одлуки за концесии (доделување, пренос, продолжување, намалување и одземени концесии) од Владата на Република Македонија, доставен од Министерството за економија.

**4.** Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, им укажа на сите министри, во координација со државните секретари и службите задолжени за финансиски прашања, тековно да ја следат и да ја интензивираат реализацијата на предвидените капитални инвестиции.

Воедно, се укажува на сите министри, подмирувањето на неплатените обврски/долгови кон ЕВН Македонија и комуналните претпријатија да се врши на редовна основа, особено на обврските/долговите настанати од вертикалните буџетски корисници, односно ресорните институции.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 5.3.2018 година до 11.3.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## Точка 77

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за периодот октомври - декември 2017 година на АД „ТЕЦ Неготино“, во државна сопственост, Неготино, како материјал за информирање.

## Точка 78

Владата го разгледа новиот текст на Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонски шуми“, за периодот 7.2017-9.2017 година, со дополнителното образложение кон него, како материјал за информирање.

## Точка 79

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП ,,Македонски шуми“ - Скопје за период јануари - март 2017 година со Информација за постапувањето на извршителот Славе Дончев од Кочани по извршните предмети И бр. 158/17 и И бр. 159/17 и Извештај од извршител, како материјал за информирање, имајќи го во предвид новото дополнително објаснување.

## Точка 80

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на АД „МЕПСО“ Скопје во втор квартал (април - јуни 2017 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи АД „МЕПСО“ во рок од 30 дена да достави Информација до Владата за реализацијата на кредитите и проектите од ЕБРД со гантограм за реализација (динамика на реализација, технички и финансиски аспекти на имплементација).

## Точка 81

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, за период 1.4.-30.6.2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 82

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на АД „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, за периодот 1.7. - 30.9.2017 година, со табеларен преглед, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за пренамена на средства од Проектот за национални патишта, II фаза/изградба на патните правци Охрид - Пештани и Требениште - Струга, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта во текот на утрешниот ден (најдоцна до 10:00 часот) до Владата да ги достави препораките од УНЕСКО во врска со Проектот за национални патишта, II фаза/изградба на патните правци Охрид - Пештани и Требениште - Струга.

**Точка 84**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Цивилно-воениот комитет за воздухопловство за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа новиот текст на Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Преземање на обврски и финансиска нестабилност кај единиците на локалната самоуправа“, за периодот од 2012 до 2016 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да препорача на единиците на локалната самоуправа кои биле предмет на ревизија, да изработат акциски план за имплементација на дадените препораки, а надлежните министерства (Министерство за локална самоуправа и Министерство за финансии) да го следат и олеснат процесот на имплементација на дадените препораки.

**Точка 87**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија Скопје, сметка за средства од Фондот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се препорачува на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија Скопје да изработи акциски план за имплементација на дадените препораки, а надлежното министерство (Министерството за здравство) да го следи и олесни процесот на имплементација на дадените препораки.

2. Министерството за здравство да преоцени дали е потребно Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на

ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија Скопје, сметка за средства од Фондот да се достави до Јавното обвинителство на Република Македонија

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2017, со Збирен финансиски извештај за работењето на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да формира работна група составена од заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски и министерот економија, м-р Крешник Бектеши, која да направи пресек на работата на сите државни агенции и институции што се занимаваат со поддршка на претприемништвото и да предложат мерки за консолидирање на нивното работење врз економска логика.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата со компаративен преглед на Методологијата на контролата на пијалоците во Република Македонија споредбено со Европската Унија. како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2017 година, со прилозите, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите за реализација на проектот „Рехабилитација, надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот 10 и кракот 10д“, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Модернизација и реконструкција на влезовите во Битола и изградба на експресен пат од Битола до граничен премин Меџитлија“, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2017 година за аеродромите во Скопје и Охрид, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на водовод во Општина Сопиште - Регионален водовод Патишка Река, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за 7-та седница на Мешовитата македонско - баварска меѓувладина комисија, одржана на 28-29 ноември 2017 година, Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата го разгледа Предлог-законот за високото образование и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за високото образование да се усогласи со Министерството за финансии во делот на член 125 „Други приходи на високообразовните установи" каде што е наведено финансиските средства од партиципации, школарини и вршење на образовни услуги да може да се акумулираат и префрлаат во наредната фискална година без оданочување.

2. Текстот на Предлог-законот во делот на член 187 „Престанок на работен однос поради исполнување на услови за пензија" да се усогласи со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

3. Текстот на Предлог-законот за високото образование дополнително да се усогласи со Министерството за финансии во делот на член 11 „Кадровска автономија" за вработување во јавните високообразовни установи, согласно актите за систематизација за место за кое претходно било дадено одобрение, односно биле обезбедени финансиски средства, а кое се испразнило заради престанок на работен однос на вработеното лице, не е потребно повторно одобрение од страна на надлежните органи, доколку новото вработување се реализира во рок од една година од престанокот на работниот однос.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот за високото образование да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Тренеска-Десковска, министер за образование и наука и Арбер Адеми, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници м-р Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Агим Рушити, раководител на сектор во Министерството за образование и наука

**Точка 97**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за вработувањата во основните и средните училишта, за наредната седница на Владата.

**Точка 98**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Казахстан, во предложениот текст.

**Точка 99**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Руската Федерација, усогласен со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 100**

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој во Република Македонија за државјаните на Украина (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на постапката за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Арсовски против Република Македонија (Апликација бр. 30206/06) во делот на надомест на материјалната штета на апликантите ја усвои Информацијата и го задолжи Владиниот агент да го извести Европскиот суд за човекови права дека во случајот Арсовски против Република Македонија, А.бр.30206/06 не постои можност за постигнување на спогодба во однос на износот на материјалната штета на апликантите која произлегува од констатираната повреда со пресудата на Европскиот суд за човекови права од 15 јануари 2013 година и да го повика тој да донесе соодветна одлука со која ќе одлучи за износот на материјалната штета на апликантите.

**Точка 102**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одговорот на Министерството за транспорт и врски до Европската комисија за шемата на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници кои го користат аеродромот во Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да го достави одговорот до Европската комисија за шемата на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници кои го користат аеродромот во Скопје, најдоцна до 16.3.2018 година.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од групна набавка за организација на Дигитален самит на Западен Балкан 2018 во Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да склучи договор за извршување на групна набавка со Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, со кој ќе ги дефинира сите права и обврски кои договорните органи ќе ги имаат во однос на економскиот оператор со кој ќе биде склучен договорот за јавна набавка.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да започне активности за спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, а не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка или ограничена постапка.

**Точка 105**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Штип - Кочани, дел 1 од км 0+000 - км 14+300 на минерална суровина - базалт на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Ежево Брдо“, општина Карбинци, во предложениот текст.

**Точка 106**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за изградба на Експресен пат А3, делница Штип-Кочани, дел 1 од 0+000-км 14+300 на минерална суровина - песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Крупиште“, Општина Карбинци, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за степен на изграденост на рударскиот комплекс Казандол за производство на катоден бакар и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

Се задолжува Министерството за економија во рок од седум дена да подготви информација за исполнетост на условите за раскинување на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина, бакар, злато и сребро, на локалитетот „Казандол“ - Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран, број 24-64/09 од 27.2.2015 година и одземање на Дозволата за експлоатација на минерални суровини број 24-4563/2 од 20.7.2015 година.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 21:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**